Norbert Lieth

# Зошто вреди да се биде христијанин

Missionswerk Mitternachtsruf

*Норберт Лит:* Зошто вреди да се биде христијанин

*Наслов на оригиналот:* Warum es sich lohnt Christ zu sein

Издадено со одобрение на Mitternachtsruf од Швајцарија

Copyright © ЉХЕ - Сите права задржани

Второ издание

*Превод и подготовка:* Боре Блажевски

*Лектура:* Соња Крстевска

*Издавач:* „Љубители на Христијанското Евангелие“
во Република Македонија
П. Фах 698, Скопје 1001
ehcbore@yahoo.com / www.ljhe.org

ISBN 978-9989-837-16-6

Љубители на Христијанското Евангелие
во Република Македонија

# Содржина

Стр.

1 Зошто вреди да се биде христијанин
*Вовед* ..... 7
- Да се поседува место во небото
- Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен

2 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Своето сведоштво* ..... 11
- Што вели Исус Христос за Себе
- „Интервју“ со Петар, Павле, Јован и со други современици
- „Луѓето од улица“ сведочат на кој начин тие го доживеале Исус Христос

3 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Својата личност* ..... 25
- Неговата величина
- Неговата безгрешност
- Неговото божество
- Изјаснувањата на научниците, поетите и мислителите

4 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Својата љубов* ..... 33
- Голгота!

5 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во простувањето на гревовите* ..... 37
- Општо за темата: грев
- Прошка: зошто само Исус може да простува?
- Исусе, Ти си поинаков!

6 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Своето Слово* ..... 45
- Што говорат Стариот Завет, Исус Христос и другите за Неговото Слово?

7 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во она што го прави за Своите*...................................... 51
- Тој создава нешто ново
- Бог повеќе не е судија, туку Татко
- Тој дава сила за секојдневниот живот
- Тој ги води Своите деца кон славната цел

8 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Своето повторно враќање*....................................... 59
- Исус ќе дојде: прво за да ја земе Црквата, а потоа за да го воспостави Своето царство

9 Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен -
*во Своето наградување на Божјите деца на небото*..... 63
- Сличност со Христос
- Божји наследници
- Право на жителство на небото
- Вечна радост
- Повеќе нема да има прашања
- Круните
- Совршена љубов
- И уште многу повеќе

10 На кој начин можеш да постанеш христијанин?.... 75

# 1 Зошто вреди да се биде христијанин

## *Вовед*



Ова прашање свесно си го поставуваме себеси, иако живееме во т.н. христијанска земја на чие тло многу историски случки оставиле трагови кои водат назад кон христијанското благо. Но што е христијанството според нас, односно, што за нас значи да се биде вистински христијанин?

Познатиот атеист Волтер еднаш бил повикан на посета од царот Фридрих Велики. За време на здравицата Волтер ја подигнал чашата и со презир изјавил: „Го менувам моето место во небото за една пруска марка!“ Одеднаш настанала голема тишина. Во тој миг, еден од гостите му се обратил на Волтер со зборовите: „Господине, ние во Прусија имаме еден закон според кој секој што ќе посака нешто да продаде, мора најнапред да докаже дека тоа и му припаѓа. Можете ли да докажете дека поседувате место во небото?“

Во тоа е и работата, да се има место во небото!

Библијата нè учи кој е условот за тоа: вистинска, интимна поврзаност со Исус! Тоа се случува преку духовно новораѓање, преку обновување на срцето. Врз основа на личната вера во Исус Христос, човекот наново се раѓа.

Оној што е нановороден, тој има и уверување, како што вели Исус во Своето Слово, односно, сведоштво на Светиот Дух во своето срце: „Да, навистина сум спасен!“

Да не се сфати ова со гордост. Напротив, тоа е понизност бидејќи личноста повеќе не гради врз сопствените дела, туку врз темелите на Исус. Таа личност се видела себеси како грешник и сфатила дека добрите дела или што било друго, не може да ѝ донесе спасение. Затоа таа личност му се обратила на Исус Христос во молитва: „Господе, те молам спаси ме!“ Господ

не само што ќе ја слушне молитвата, туку и ќе одговори! Врз основа на тоа, Светиот Дух ќе ѝ подари на личноста сведоштво во срцето: „Ти сега му припаѓаш на Исус Христос; ти си спасен!“ *„Впрочем, не примивте дух на ропство за да бидете пак во страв, туку го примивте Духот на посинувањето, преку кој викаме: ‘Аба! Татко!‘ Самиот Дух сведочи заедно со нашиот дух дека сме Божји чеда“* (Послание до Римјаните 8:15-16).

## Исус: единствен, неспоредлив, прекрасен

Исус не можеме да го споредиме со ништо и со никого! Тој е Син на живиот Бог - и затоа вреди да се биде христијанин! Никој досега не го размрдал светот како Исус!

Дека Тој е навистина единствен, неспоредлив и прекрасен, претскажано ни е во Библијата, во Песна над песните. Таа ни ја опишува љубовта на Соломон спрема неговата невеста, илустрирајќи ја Божјата љубов спрема израелскиот народ, како и љубовта на Исус Христос спрема Неговата црква. *„Со што е твојот возљубен подобар од другите возљубени, о, најубава меѓу жените? Во што твојот возљубен е подобар од другите, па така нè*

*заколнуваш? Возљубената: Мојот возљубен е бел и румен, поубав од десет илјади други; главата негова - чисто злато; кадрите негови - брановидни, црни како гавран; очите негови - како гулаби крај водни потоци, што се капат во млеко, што стојат задоволни; образите негови - ароматен цветник, леи со миризливи билки; усните негови - кринови од кои капе чиста смирна; рацете негови - златни валци, опсипани со топази; стомакот негов - како сад од слонова коска, обложен со сафири; нозете негови - мермерни столбови, поставени врз златни подлоги; изглед има како Ливан, величествен е како кедар; устата негова е сладост, целиот е прекрасен. Ете кој е мојот возљубен, и ете кој е пријателот мој, ќерки ерусалимски*“. (Песна над песните 5:9-16)

# 2 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во Своето сведоштво*



Во Евангелието според Јован, има многу сведоштва за Исус Христос, како на пример: *„Јас сум лебот на животот. Кој доаѓа кај Мене нема да огладне и кој верува во Мене нема никогаш да ожедни!“* (6: 35). *„Јас сум светлината на светот. Кој ме следи, нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот“* (8:12).

- *„Јас Сум вратата. Кој ќе влезе низ Мене, ќе биде спасен, ќе влегува и ќе излегува и ќе најде пасиште“* (10:9).
- *„Јас Сум Добриот Пастир. Добриот пастир го дава својот живот за овците“* (10:11).
- *„Јас Сум Воскресението и Животот; оној што верува во Мене, и да умре - ќе живее“* (11:25).
- *„Јас Сум Патот, Вистината и Животот. Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Мене“* (14:6).
- *„Јас Сум вистинската лоза, а Мојот Татко е лозарот“* (15:1).

Кога самарјанката му рече на Исус: *„Знам дека ќе дојде Месија (наречен Христос)“. Кога Тој ќе дојде, сè ќе ни објави.* Господ ѝ рече: *„Јас Сум Тој, Кој зборува со тебе“* (4:25-26).

На прашањето на Пилат: *„Значи, Ти си цар?“*, Исус му одговори: *„Ти велиш дека Сум Цар. Јас се родив за тоа и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината. Секој кој е од вистината, го слуша Мојот глас“* (Јован 18:37). Сите овие

сведоштва на Исус Христос за Себеси ги слушнале и Неговите ученици, а преку тие сведоштва ги виделе и Неговите дела.

Да претпоставиме дека имаме можност да застанеме пред првите христијани и да ги прашаме зошто тие станале христијани? Веројатно разговорот би се одвивал вака:

**Петар**

„Петар, зошто стана христијанин? Ти беше човек кој знаеше како да ја оствари својата цел. Имаше и занает и заработувачка. Беше среќно оженет и имаше љубезна тешта. Исто така, ти беше личност со дар на водство и беше вистински Израелец. Знаеше што сакаш, не се колебаше многу и веднаш се фаќаше за мечот. Зошто стана христијанин? Те молиме раскажи ни накусо“.

„Навистина можам накусо да ви раскажам: '*Ние поверувавме и сознавме дека Ти си Божјиот Светец*' (Јован 6:69). '*Ти си Христос, Синот на живиот Бог*' (Матеј 16:16). Со други зборови, заедно со моите соработници го запознавме Христос, бидејќи секој ден бевме заедно цели три години.

Затоа, сега сум сосема сигурен: Исус е ветениот Месија! Затоа јас, како Израелец поверував во Него!“

**Павле**

„Павле, зошто ти стана христијанин? Сепак, ти беше фарисеј и го застапуваше законот со сета сила. Беше интелектуалец и образован човек, кој го мразеше Исус и кој ја прогонуваше Неговата црква. Сакаше Христовите следбеници да ги присилиш да се одречат од Неговото име. Зошто сега е сè поинаку?“

„Станав следбеник на Христос затоа што се случи нешто сосема необично додека патував за Дамаск за да ги гонам христијаните таму. *'На сред бел ден, на патот видов светлина од небото, посилна од сончевиот болскот, која нè осветли мене и оние што патуваа со мене; и кога сите паднавме наземи, чув глас кој ми зборуваше на еврејски јазик: 'Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш? Тешко ти е да клоцаш против остен!' А јас реков: 'Кој си Ти Господине?' Господ рече: 'Јас сум Исус, Кого ти го прогонуваш'*“(Дела на апостолите 26:13-15).

„Тоа предизвикало голем пресврт во твојот живот. Но што мислиш денес за тоа? Сепак, пред ова твое доживување многу се трудеше да ја задушиш верата во Христос. Како високо образован фарисеј, веројатно си можел добро да напредуваш во кариерата?“

„Тогаш ми стана јасно: да се има Исус Христос за свој Господ е неспоредлива добивка! *'Сметам дека сè е загуба во однос на превосходното познавање на Христос Исус, мојот Господ, заради Кого загубив сè, и сè сметам за смет, за да Го придобијам Христос'* (Филипјаните 3:8). *'Но мене ни најмалку не ми е до животот, туку само да го завршам својот пат и службата, што ја примив од Господ Исус: сериозно да го посведочам Евангелието на Божјата благодат*“ (Дела 20:24).

**Јован**

„Јован, зошто ти и брат ти Јаков станавте христијани? Ги оставивте рибарењето, вашиот татко, занаетот и позицијата. Сепак, вие бевте ‘вистински луѓе‘, па ве нарекуваа дури и ‘синови на громот‘!

А сега, одеднаш тебе те нарекуваат апостол на љубовта. Те молиме, објасни го тоа!“

„Со задоволство. *'Она што беше од почетокот, што го чувме, што го видовме со своите очи, што го гледавме и што го опипаа нашите раце, за Словото на Животот - тој живот се јави, а ние Го видовме и сведочиме и ви го објавуваме вечниот живот, Кој беше со Таткото и ни се јави нам'*“ (1 Јов. 1:1-2).

„Значи тврдиш дека Исус Христос е Животот и дека животот што го дава Тој е вечен?“

„Сосема сигурно! *'Она што го видовме и чувме, тоа ви го навестуваме и вам, та и вие да имате општење со нас. А нашето општење е со Таткото и со Неговиот Син Исус Хрис-тос'*“ (1 Јован 1:3).

„Прости, ама дали си сигурен во тоа, односно, дали знаеш што зборуваш воопшто? Знаеш ли дека на тој начин го поставуваш Исус Христос над сите луѓе што дотогаш живееле? Со твоите изјави му ја припишуваш сета величина која ги надминува сите други ***великани*** на светот!?“

„Да, сигурен сум! *`И Словото стана тело кое се всели меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како единствен од Таткото - полн со благодат и вистина*`“ (Јован 1:14).

„Ама ти претеруваш! Со тоа тврдиш дека во Исус Христос може да се види и Таткото? Можеби мислиш на ‘шаторот за состаноци‘? (3 Мојсеева 1:1). Таму се покажувала Божјата слава, а ти сега тврдиш дека Исус е таа слава. Кога би те слушнале Израелците...!? “

„Бидете без грижа, затоа што многу добро знам што зборувам! Бидејќи *'Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Бог - Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави'*“ (Јован 1:18).

„Те молам Јоване, дозволи да ти прочитам една забелешка на твоите зборови, за кои пишува еден коментатор: 'За Евреите не било ништо посвето од Законот. Нема ништо повозвишено за секој човек, освен да го види Бога. Но овде се работи за нешто повеќе од Законот; овде е исполнувањето на секој копнеж преку Христос, Кој е еден со Таткото.

Преку Него дознаваме сѐ што е важно за Бог. Преку Христос доаѓаат милоста и вистината'. Сигурно се согласуваш во врска со ова, нели?“

**Самарјанците во Сихар**

Овде се работи за самарјанскиот народ. Ги прашуваме и нив: „Зошто вие станавте христијани? Веројатно ве наговориле на тоа?“ „Не. Ние јасно ѝ кажавме на таа жена: *'Сега не веруваме поради твоето кажување, зашто самите чувме и знаеме дека Овој е навистина Спасителот на светот'*“ (Јован 4:42).

**Заповедникот кај крстот**

„Ти си видел многу луѓе кои умирале на крст и веројатно си им заповедал на своите војници кога го распнувале Исус Христос. Освен тоа, римскиот император бил твојот бог кому си му бил лојален. Во прашање биле твојот занает, твојата плата, твојата иднина и твојот живот. Твојата ситуација како заповедник на чета, барала зрелост и сериозност бидејќи си бил искусен војник.“„Навистина сум се навикнал на многу

работи. Познавав многу војници, јунаци и офицери. Многу од нив видов како умираат и сум ги доживеал нивните последни часови. Ги слушав нивните врисоци, нивните пцовки, плачот и лелекот. Но никој не умре како Исус! Го слушнав како се молеше за оние што го распнуваа. Го набљудував и го слушнав кога во Своето неискажано страдање им се обрати на своите ученици и на својата мајка. Бев сведок кога разбојникот на крстот се покаја и кога му го вети небесното царство. И конечно, слушнав како со сиот глас извикна: 'Се заврши!' Кој од нас може на крајот од својот живот да потврди нешто слично? Исус целиот свој земен живот го живееше праведно и совршено. Затоа, тоа не ми дава за право да донесам никаков заклучок, освен овој: *'Навистина овој Човек беше Божјиот Син'* (Марко 15:39).“

Може да продолжиме понатаму, и да го прашаме Пилат кој го осуди Исуса: „Што мислиш ти за тој Човек?“ *„Да знаете дека не наоѓам никаква вина во Него!“* (Јован 19:4-6).

А што би посведочел човекот што го предаде Исуса? „Јуда, што би рекол ти за Исус?“ ‘*Згрешив, зашто предадов невина крв!*’“ (Матеј 27:4).

Што вели Јован Крстителот за Него? „*Еве го Божјото Јагне, Кое го отстранува гревот на светот!*“ (Јован 1:29).

А апостол Тома? „*Мој Господ и мој Бог!*“ (Јован 20:28).

А ангелите на небото, што сведочат тие за раѓањето на Исус Христос? „*Денес, во Давидовиот град ви се роди Спасител, Кој е Хрис-тос Господ!*“ (Лука 2:11).

А што сведочи вечниот Бог и Татко за Својот Син? „*Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја, слушајте го Него!*“ (Матеј 17:5).

**Луѓето од денешното време**

Во денешно време луѓето сведочат на кој начин го запознале Исус и како влијаело тоа врз нивниот живот:

„Во својата младост не слушав многу за христијаните. Студирав теологија и станав свештеник. Многу години служев како свештеник, но без Христос. Бев премногу зафатен со социјалните проблеми. Се оби-

дував да помогнам секаде каде што беше потребно, но дури сега знам дека во сето тоа недостигаше одлучувачката средба со Христос. Сега, Исус Христос е мојот Господ Кој ме пронајде; сега својата свештеничка служба ја исполнувам сосема поинаку: се обидувам на сите кои ме слушаат, да им зборувам за Христос и да ги доведам кај Него. Моето интересирање за останатите прашања не е намалено; напротив, тоа е уште подлабоко. Сега мојата најголема желба е да помогнам во изградбата на Христовата заедница и преку неа да придонесам за решавањето на многу проблеми.“

„На својата сопруга ѝ бев неверен цели 23 години, но таа денес ме сака повеќе од кога било, иако во моментот сум во затвор. За време на првите затворски денови кога не гледав ниту излез, ниту преспектива во мојот живот, се обидов да извршам самоубиство. Но сѐ излезе поинаку. Господ некако го спречи тоа и јас најдов цврста вера во Него. Веднаш ѝ напишав писмо на мојата сопруга и ја замолив да ми испрати Библија. Таа го стори тоа и во следното писмо напиша: ‘Оваа Библија е нашиот

свадбен подарок, а онаа другата ми треба мене'. Никогаш во животот не сум плачел како тогаш кога за првпат ја читав Библијата што ја добивме како подарок за нашата свадба. Затоа морав прво во затвор! Едноставно, јас 'немав време', како што е насловен еден трактат. Но сега, знам што е најважно во животот: да се следи Христос!"

О. Халесби, познат норвешки теолог, во својата книга „Како станав христијанин", пишува: „Сите оние што дошле кај Христос, можат да кажат каков треба да биде човекот. Но тоа ни го покажа Исус Христос врз основа на Својот живот. Тој не само што посочуваше на идеалот како и другите луѓе, туку Тој самиот беше идеал. Тој го живееше пред нашите очи... Со текот на времето, многумина веруваа дека тие се оние што мораат да го подобрат идеалот на живеењето што го живееше Исус Христос. Но никој не е рамен на Исус, па ниту може некој да го надмине... Во секој случај, Исус Христос ја доби согласноста на мојата совест. Каде и да го гледам, мојата совест ми вели: Таков треба да биде човекот...

Мене ми стана јасно дека Исус Христос ја знае Својата вистинска задача, а таа е да биде Спасител. Тој е нашиот пример, Тој дојде за тоа. Тој е нашиот идеал, но никогаш не рекол дека дошол само за тоа. Напротив, Тој нагласува: *'Зашто и Синот Човеков не дојде да Му служат, туку да служи и да ја даде Својата душа за откуп на мнозина!'* (Марко 10:45). *'Бидејќи Синот Човеков дојде да го бара и да го спаси загубеното'* (Лука 19:10). *'Зашто ова е Мојата крв на Заветот, која се пролева за мнозина, за проштавање на гревовите'* (Матеј 26:28).

Јас не бев присилен да го прифатам христијанството. Можев да изберам што сакав. Тоа беше и најстрашното нешто! Но јас морав да избирам доброволно. Овде би кажал нешто а тоа зошто станав христијанин. На тоа прашање сега можам многу лесно да одговорам. По мојата средба со Христос, повеќе не се осудував да чекорам низ животот со измами. И тогаш, се одлучив да го следам Исус Христос. На Бог нека му припадне сета слава во вечноста за тој мој избор!“

Сите овие сведоштва се совпаѓаат со она што некој го изјавил врз основа на Божјото Слово во Филипјаните 2:9: „*Затоа и Бог Го возвиши и Му подари име што е над секое име*“.

Некој рекол: „Исус Христос за мнозина е обична личност која е погодна во сликарството; главен јунак во некој роман или тема за некаква песна. Но за сите што го слушнале Неговиот глас, кои ја доживеале Неговата прошка и ги примиле Неговите благослови, за нив Тој е топлина, светлина, радост, надеж и спасение; Пријател, Кој никогаш не би нè оставил на цедило и Кој нè подига, додека сите други нè притискаат“.

Рон Дун вели: „Никогаш не знаеме дали е Исус Христос сè она што ни треба, додека Тој не стане сè што поседуваме! И кога Исус е сè што поседуваме, тогаш и само тогаш откриваме дека Тој навистина е сè она што ни треба!“

# 3 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во Својата личност*



## Неговата величина

Во „Енциклопедија Британика“ потребни се 20.000 зборови за да се опише Исус Христос. Тој опис зазема поголем простор од опишувањето на Аристотел, Цицерон, Александар Велики, Јулие Цезар, Буда, Конфучие, Мухамед и Наполеон Бонапарта заедно.

Следат неколку изјави за Исус Христос од познати личности:

Русо: „Никој и никогаш не би бил во состојба да измисли еден таков живот, каков што живеел Исус Христос“.

Наполеон, кој во текот на војувањето ја поминал половина Европа, на крајот од животот запишал во својот дневник: „Ни со целата моја армија и со сите генерали не можев да освојам еден континент за четвртина век, а Тој Исус, без оружје и насилство, веќе илјади години ги победува народите и културите!“

Го прашале познатиот историчар Х. Г. Велс која личност оставила најголем впечаток во историјата? Тој одговорил дека ако тоа би се оценувало од историски аспект, тогаш Исус Христос би бил на првото место!

Историчарот Кенет Скот Латорете оценил: „Колку повеќе одминува времето, толку појасно станува дека Исус Христос, судејќи според Неговото влијание врз историјата, живеел еден таков судбоносен живот, кој досега не бил забележан на оваа планета! Тоа влијание уште повеќе се зголемува.“

Ернест Ренан го заклучил следново: „На религиозен план, Исус Христос е најгенијалната личност што некогаш живеела! Неговиот сјај има вечна природа, а Неговото владеење никогаш не престанува. Во секој поглед тој е единствен; не може да биде споредан со никого. Историјата не може ни да се замисли без Исус Христос!“

Библијата нѐ поучува дека Исус Христос е над сѐ и над секого. Еве неколку цитати од Посланието до Евреите:

- Исус Христос е над сите ангели (1:1-3:19).
- Исус Христос е над свештенското поглаварство на Арон (4:1-6:20).
- Исус Христос е над сите откровенија за спасението запишани во Стариот завет (7:1-8:13).
- Исус Христос е над сѐ што е свето и над сите жртви во Стариот завет (9:1-10:18, 39).
- Исус Христос е авторот и усовршувачот на верата (11:1-13:25).
- Христовото минато е неспоредливо.
- Неговата сегашност е неизбежна.
- Неговата иднина е непроменлива!

**Безгрешноста на Исус Христос**

Дали ви е позната молитвата што Исус Христос никогаш не ја молел? Тоа е молитвата „Татко наш“. Тој поучуваше дека оваа молитва треба да се моли, но Тој самиот никогаш не ја молел, затоа што тоа не било потребно, а особено делот „и прости ни ги нашите гревови“.

Исус Христос бил совршено чист, без грев и без никаква вина. Затоа Тој никогаш не морал ништо да признава, ниту да се кае, ниту пак, да се моли за простување на гревовите. Но Тој се молеше: *„Татко, прости им бидејќи не знаат што прават“* (Лука 23:34). Исус Христос беше безгрешен, свет и праведен.

- Жената на Пилат му рече на сопругот: *„Не прави му ништо на Тој праведник...“* (Матеј 27:19).
- Пилат мораше лично да признае: *„Јас не наоѓам никаква вина кај Него“* (Јован 18:38).
- Разбојникот на крстот извикна: *„Но Овој не сторил никакво зло!“* (Лука 23:41).

- Заповедникот на четата стоејќи под крстот мораше да признае: *„Навистина Овој Човек беше праведен“* (Лука 23:47).
- Дури и еден од демоните призна: *„Знам кој си Ти, Божји светец!“* (Марко 1:24).

Значи, Господ Исус Христос беше без грев, за разлика од сите луѓе и сите основачи на религии што живееле на земјава.

Х. Бендер пишува за Исус Христос: „Во средиштето на светската историја стои една личност која ги надминува сите - Исус Христос! Тој е сосема поинаков, единствен. Тој единствено можеше да си дозволи да застане пред луѓето, кои беа непријателски расположени, и да ги праша: *‘Кој од вас ме обвинува за грев?‘* (Јов. 8:46). Молчењето на луѓето беше доволен доказ. Неговата волја му беше целосно потчинета под волјата на Таткото. Неговиот став беше од Бог и насочен кон Бог. Беше неколеблив, совршен човек“.

Во Посланието до Римјаните 8:3 е запишано: *„Зашто она што не можеше да го стори законот, бидејќи беше слаб заради телото, го изврши Бог! Испраќајќи Го Својот Син во облик сличен на грешното тело и поради грев, го осуди гревот во телото“*.

Тој никогаш не згрешил, (1 Петр. 2:22 и Евреите 4:15).

**Неговата божественост**

Луј Пастер, познат француски лекар и научник, еднаш вака ова го објаснил: „Во името на наката објавувам дека Исус Христос е Божји Син. Научната смисла на расудувањето според која се раководам и која полага голема вредност на односот меѓу причината и последицата, ме обврзува да го признаам. Мојата потреба да му се поклонам наоѓа во него потполно задоволство.“ Дека Исус Христос е Божји Син, посведочено е на многу места во Стариот и во Новиот завет. Библијата го прикажува Исус Христос совршено праведен и како човек и како Бог. (спореди со Исаија 1:15-19; 1 Тимотеј 3:16; Евреите 13:8; 1 Јован. 5:20).

Посланието до Филипјаните пишува за Исус Христос: *„Кој, иако беше во ликот Божји, не го сметаше како нешто приграбено - тоа што е еднаков со Бог, туку се лиши Самиот Себеси, земајќи лик на слуга, станувајќи сличен со луѓето.“* (2:6-7). Со други зборови: Тој не се држеше цврсто за Своето божество како за плен, туку поради

нас се понизи. Тој самиот вели: *„Јас и Мојот Татко сме едно“* (Јован 10:30).

Неговото божество е јасно посведочено во Евангелието според Јован, 1:1-4: *„Во почетокот беше Словото, и Словото беше со Бог, и Словото беше Бог. Тоа беше во почетокот со Бог. Сè стана преку Него, и без Него не стана ништо од она што настана. Во Него имаше живот и животот им беше светлина на луѓето“*.

Ако го прифатиш библиското сведоштво за Исус Христос; ако ја признаеш Неговата единственост, зарем тогаш нема да поверуваш дека најмудро би било да се одлучиш за живот со Него? Ако Христос е сè она за што вели за Себе, тогаш тоа би била вистинска причина да станеш и ти христијанин! Стори го тоа сега, ако досега не си го сторил. Одлучи се свесно и предај му го својот живот и следи го! Уште еднаш: ако Христос е она за што самиот вели дека е и она што го вели Библијата за Него, како и сведоштвата на луѓето што го доживеале, тогаш Тој на сите им е потребен за да добијат прошка за гревовите и да се стекнат со право во Божјото царство. Со Христос добиваме сè - а без Него губиме сè и тоа засекогаш! Шекспировиот Хамлет рекол: „Јас сеедно губам, било да сум жив или мртов“.

Но апостол Павле бил пресведочен кога рекол: „Јас сеедно добивам, било да сум жив или мртов“. Затоа треба и ти да го прифатиш Христос бидејќи без Него ќе загубиш сè!

Фридрих Ниче бил познат и голем филозоф на безбожноста. Кога имал 16 години му напишал на својот пријател за Исус Христос: „Јас знам дека ако не го најдам, нема да имам одговор за мојот живот“.

Швајцарскиот драматург Фридрих Дуренмат, во своето дело „Физичари“ признава: „Кога престанав да го почитувам Бог, мојата мудрост го уништи моето богатство“. Кој го има Христос, тој е богат: *„Во Него се збогативте во сè...“* (1 Кор. 1:5).

Да се донесе одлука дали да се прифати Исус Христос е многу важно пред да настапи она за што предупредува Библијата: *„Пред да појдам на пат без враќање - во земјата на темнината и смртната сенка, во земјата, каде што темнината царува над безредието, каде што зората е слична на најцрната ноќ.“* (Книгата за Јов 10:21-22)

# 4 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во Својата љубов*



Во Првото послание на Јован 3:16 е напишано: *„Љубовта ја познаваме по тоа што Тој го положи Својот живот за нас...“* Смртта на Исус Христос на Голготскиот крст ја објавува вечната, непроменлива и несфатлива Божја љубов спрема изгубениот свет, а според тоа и

спрема секој поединец! Дарот на Христовата крв е доказ за Божјата љубов спрема сите што се натоварени со грев и спрема оние што се далеку од Него: *„Но Бог ја покажува Својата љубов спрема нас, со тоа што Христос умре за нас додека уште бевме грешници“* (Римјаните 5:8).

Исус Христос, како Божји Син, беше единствениот кој умре за човештвото - Тој го направи тоа! Тој го направи тоа и за нас! Залудно би барале нешто слично во сите други религии. Господ Исус Христос е љубов, тоа е Неговата суштина и како таков не може да биде одвоен од Својата љубов. Таа љубов е вечна, исто како што е и Бог вечен - а Тој е без почеток и без крај. Некој вака го објаснил ова: „Бог е она што Тој навистина е, првенствено заради Својата љубов“.

Фридрих Боделшвинг рекол: „Не постои човек на земјата кого Бог не го љуби“. А самиот Господ вели: *„Те љубам со вечна љубов“* (Еремија 31:3). Затоа и не постои човек на земјава кого Бог не го љуби.

Бог ги сака луѓето без никакви исклучоци, а тоа значи дека никогаш не би сакал една личност повеќе, а друга помалку. Августин убаво го рекол тоа: „Бог го сака секого поединечно, како да не постои никој друг со кого би ја спо-

делил Својата љубов“. Стоејќи пред Бог, никој нема да може да тврди дека не бил сакан од Него. Јас сум длабоко убеден во срцето: кога загубените ќе се појават пред Божјиот престол и ќе го здогледаат Божјото Јагне, ќе бидат ужаснати што не ја прифатиле понудената љубов во Исус Христос. И да живеел само еден единствен грешник на земјава, семоќниот Бог во Својата бескрајна љубов, би сторил исто толку за неговото спасение во Исус Христос, колку и за целиот свет!

Оваа љубов Господ Исус сликовито ја прикажува во споредбата со загубената овца во Евангелието според Лука 15:4-7: *„Кој од вас, ако има сто овци, и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе тргне по загубената, додека не ја најде. А кога ќе ја најде, ќе ја крене на своите рамена радувајќи се и кога ќе дојде дома, ќе ги викне пријателите и соседите и ќе им рече: 'Радувајте се со мене, зашто ја најдов својата изгубена овца!' Ви велам: поголема радост ќе има на небото, за еден грешник кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници, кои немаат потреба од каење“.*

Во својот познат стил Мартин Лутер вака ја опишал Божјата љубов: „Бог е како вжарена печка, полна со љубов, која од небото ја досегнува земјата“.

# 5 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во проштавањето на гревот*



## Што треба да знаеме за гревот

Гревот значи: „Промашување на целта“. Тоа значи дека човекот не може да го достигне нивото на Божјиот стандард и Неговата природа. Гревот е сè она што не одговара на Божјата суштина, секое дело, секоја настраност и секоја состојба. Кога гревот влезе во светот и во човечкиот род преку Адам, благодарјќи на гревот, човекот постана сосема поинаков,

пропаднат и расипан. Така и целото негово поколение ја наследи неговата грешна природа. Првичната совршеност беше уништена. Кога би отвориле некој од дневните весници ќе видиме до кој степен е овој свет расипан.

Гревот го расипа социјалниот ред. Во бракот, во семејството, во општеството, како и меѓу народите сè повеќе зема замав неверството, омразата, војните и смртта. Таканареченото „заедништво“ сè повеќе ја губи смислата и преминува во противречност, неслога, караници, војни. Библијата нè учи: *„Како што е напишано: ‘Нема никој праведен, нема ниту еден; Нема разумен, нема ниту еден кој Го бара Бога; сите скршнаа, сите заедно станаа бескорисни, никој не прави добро, нема ниту еден’“* (Римјаните 3:10-12).

Значи, Библијата нè поучува дека секој еден човек во својата волја (Рим. 1:28), во својот нагон (2 Кор. 4:4) и во својата совест (1 Тим. 4:2) е расипан и во своето срце и во умот е заслепен (Ефеш. 4:18; 2 Кор. 4:3-4).

Да, во основа, ние сме навистина упропастени, пропаднати и грешници не само поради своите гревови, туку и затоа што поседуваме грешна природа. А згора на тоа се надоврзува и секој наш личен грев сторен во нашите мисли, со нашите зборови и со нашите дела.

Како што не е можно јагленот да го измиеме и да го направиме бел, така е невозможно и човекот да се ослободи од гревот со сопствени напори.

Голема заблуда е да се верува дека само добрите луѓе одат во рајот, а лошите во пеколот. Во рајот не одат ниту добрите, ниту лошите, туку само оние што преку вера го прифатиле спасението во Исус Христос, извојувано на Голготскиот крст. Божјото Слово јасно вели: *„Нема праведник на земјата, кој прави добро и никако не греши!“* (Проповедник 7:20).

Простувањето на гревовите преку Исус Христос е навистина единствено, неспоредливо и прекрасно!

Аугуст Винингг, политичар во источна Прусија, сведочи: „Јас го заобиколував Христос, но полека му се приближував. Осознав дека човекот без исклучок е многу лош. Не секој човек е злосторник, но секој има зли мисли, желби и страсти кои според мерилото на гревот се еднакви на убиство! Незамисливо е ние да се вратиме кај Бог со таква отфрленост ако претходно не би се случило нешто со нас. Јас сум свесен дека Бог мора да ме осуди заради моите гревови. Но јас ја гледам Неговата љубов која раѓа живот и верувам дека Бог не сака да нè осуди, туку ни ја подава Својата рака, а тоа е раката на Исус Христос, Спасителот!“

Под насловот „Кој е и што е Христос“, прочитав некаде: „Ние никогаш не можеме Него да го измориме; врз Него ги фрламе сите наши грижи и неволји. Тој е секогаш подготвен да ни помогне. Тој секогаш нѐ именува со непроменета љубов, го слуша она што го изнесуваме пред Него. Не постои повозвишено име од името 'Исус'. Неговото име е поголемо од името на Цезар, звучи попрекрасно од името на Бетовен, победоносно е од името на Наполеон, поречовито од името на Демостен, потрпеливо од името на Линколн. Името 'Исус' значи Живот и Љубов. Името 'Исус' е како прекрасен мирис. Кој може да сочувствува со една вдовица без татковина повеќе од Исус? Кој може да прифати еден загубен син, како што може Исус? Кој може да ослободи еден зависник од алкохол, ако не Исус? Кој може да ги исполни гробиштата со радост и надеж, ако не Исус? Кој може една проститутка да ја направи кралица за Бог, ако не Исус? Кој може да ги собира солзите на сите човекови таги, ако не Исус? Кој може да нѐ теши кога сме тажни, ако не Исус?“

Многумина се обидуваат да ги усогласат своите зли дела со добри дела, но тоа не им успева. Други пак, се обидуваат да ја измијат својата душа преку разни вежби што исто така не им

успева. Некои се одлучуваат на самоубиство водени од нивната очајничка совест. Но тоа нема да им донесе ослободување бидејќи нивната душа продолжува да живее.

Само Синот човеков, Исус Христос, има моќ да простува гревови (Матеј 9:6). Бидејќи Тој, како Божји Син, праведен и безгрешен, не беше роден од семето Аврамово, туку од Светиот Дух, и стана човек кој може да ги прости сите гревови. Тој ги зема врз Себеси сите гревови на сите луѓе и ќе му прости на секој што бара прошка во молитва. Тој ветува: „*Ако речеме дека немаме грев, се мамиме самите себеси, и вистината не е во нас. Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нѐ исчисти од секаква неправедност*“ (1 Јов. 1:8-9).

Како што сите луѓе станаа грешни преку првиот човек, раѓајќи се како грешници, така и сите преку вера во „последниот Адам“, Исус Христос како што го нарекува Библијата, ќе бидат оправдани (Рим. 5:1; 1 Кор. 15:45-58). Како што преку Адам ни се пресметуваат нашите гревови, во Исус Христос повеќе не ни се пресметуваат, туку ни се оправдуваат. Со тоа, Исус Христос станува Оној кој ни го подготвува патот до Божјото царство.

Петар на еврејските поглавари победоносно им изјавил што ќе се случи со нив во иднина:

*„Бог Го возвиши Него за Управител и Спаситал на Својата десна страна, за да му даде покајание на Израел и проштавање на гревовите“* (Дела 5:31).

Во Дела на апостолите пишува: *„Сите пророци сведочат за Него дека секој кој верува во Него добива проштавање на гревовите преку Неговото име“* (10:43).

Еден од тие пророци, Михеј, исполнет со страхопочит спрема Бог извикнал: *„Кој Бог е како Тебе, за да ги простува беззаконијата, да мине преку престапите на остатокот од Своето наследство? Тој вечно не се гневи, зашто со радост се смилува“* (Михеј 7:18).

Секој што ќе му се предаде на Господ Исус ќе ја доживее милоста на Неговата прошка.

## Исусе Христе, Ти си поинаков

*„Ти застана на страната на жената која изврши неверство - додека сите други се оддалечуваа од неа.*

*Ти отиде кај цариникот - додека сите негодуваа.*

*Ти ги повикуваше децата да дојдат кај Тебе кога другите сакаа да ги оттргнат од Тебе.*

*Ти му прости на Петар - кога тој самиот себеси се осудуваше.*

*Ти ја пофали вдовицата додека жртвуваше за Бог - додека другте ја омаловажуваа.*

*Ти го избрка ѓаволот - додека сите други паднаа во неговата замка.
Ти му вети рај на разбојникот на крстот - додека другите му посакуваа пекол.
Ти го повика Петар да Те следи - додека другите се плашеа од него.
Ти ја одбегнуваше славата - додека луѓето сакаа да Те направат цар.
Ти ги сакаше сиромашните - додека сите други копнееја по богатство.
Ти ги лекуваше болните - додека сите други креваа раце од нив.
Ти молчеше - додека сите Те осудуваа, Те исмејуваа и Те камшикуваа.
Ти умре на крстот - додека сите ја славеа Пасхата.
Ти ја зеде вината врз Себеси - додека сите мислеа дека тука е крајот на сѐ.
Исусе Христе, Ти благодарам што тоа беше Ти!*“ (непознат автор).

Во разни религии се даваат совети, се препорачуваат принципи за живеење и воспоставуваат правила, но никој не може да понуди едно и единствено спасение кое ни од далеку не може да е слично на сеопфтната понуда за спасение преку Исус Христос!

Евангелието, или Радосната вест за Исус Христос не е уште една религија, туку Божјиот

Одговор за сите религии заедно, одговор за секој копнеж на човекот и на сите прашања кои произлегуваат од нашите срца!

# 6 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во Своето Слово*



Историчарот Филип Шаф, помеѓу другото напишал и за Исус Христос: „Тој говореше зборови на живот кои никогаш не биле изговорени ни пред Него, ниту после Него! Со тоа Тој достигна такво дејство како ниеден говорник или поет. Иако не напишал ниедна реченица, Тој поттикнал повеќе пера да пишуваат, и дал материјал за проповедање, говори, дискусии, научни дела, уметност и благодарствени песни,

отколку целата армија на великани, како во стариот, така и во новиот век! Вака некој се изразил во врска со зборовите на Исус: „Тоа се зборови на совршен човек кои, еднаш изговорени, не престануваат да одѕвонуваат. Нивното ехо допира дури и денес и сè уште ги допира срцата на луѓето. Неговото Евангелие е опишано како Божја сила (Римјаните 1:16). Исус никогаш не изговори ниеден празен збор. И Неговиот најмал збор има тежина како карпа; достига и до најдлабоките длабочини, и оттаму одѕвонува со гласен ек“.

Откровение 19-то поглавје го опишува повторното доаѓање на Исус Христос. Меѓу другото, пишува и дека Тој ќе дојде како Господар над господарите и како Цар над царевите. А во врска со ова пишува и *„Облечен е во облека натопена во крв, а името Му е Божјо Слово“* (19:13).

Исус Христос пророкуваше дека Неговото Евангелие ќе се проповеда по целиот свет, што всушност и се случува денес (Матеј 24:14). Тој го кажа тоа тогаш кога ги гледаше Своите, сè уште слаби дванаесетмина ученици. Знаеше дека еден од нив ќе го издаде, дека друг ќе се откаже од Него и дека другите ќе се разбегаат од страв. Како можеше Исус во една таква ситуација да претскаже такво нешто? Токму затоа што Тој е Вистина и затоа што поседува

сила, можеше да се исполни Неговото пророштво.

Кон крајот на својот живот, Наполеон рекол: „Јас умирам предвреме и моето тело ќе биде предадено на земјата, како храна за црвите. Таква е иднината која му претстои на великиот Наполеон. Колку голема разлика меѓу мојата длабока беда и вечното царство на Исус Христос кое се проповеда, се слави и се шири по целата земја! “

Исус Христос ветил дека на Неговата Црква не може да ѝ напакости ни самиот пекол (Матеј 16:18). Царствата, блоковите на големите светски сили и сите други царства веќе ги нема. Некои од нив биле непријатели на христијаните, но не можеле да го згаснат христијанството. Напротив, тоа уште повеќе се ширело. Да размислиме малку, Исус Христос го кажал ова ветување уште додека Црквата не била ни основана! Како тогаш знаел дека пеколот не ќе може да ѝ напакости на Неговата црква? Затоа што Исус Христос е многу повеќе отколку само човек! Исус Христос однапред кажал дека Ерусалим ќе биде разурнат, дека Евреите ќе бидат раселени меѓу сите народи; но и дека повторно ќе бидат обновени како народ (Лука 21:24). Нашава генерација е сведок на повторното создавање на еврејската држава. Исус Христос исто така однапред кажал де-

ка националниот идентитет на еврејскиот народ нема да се загуби и покрај раселувањето на Израел кое ќе трае стотици години (Еремија 31:36; Матеј 24:34).

Јоахим Лангхамер напишал: „Израел е едно големо чудо. Тоа е народ што сите народи го мразат повеќе од 4.000 години и војуваат против него со цел да го уништат, но тој никако да биде уништен. Напротив! Не постои на земјата друг народ кој толку цврсто стои во средиштето на светската историја, како што е тоа случај со израелскиот народ!“

Исус Христос вели: *„Небото и земјата ќе поминат, но Моите зборови нема да поминат!“* (Марко 13:31). Неговиот збор стои цврсто како карпа во бурното море. Ова не може да го промени ни омразата која трае илјадници години.

Врз основа на овие зборови на Исус Христос, еден коментатор на Библијата вака вели: „Ако тие зборови не се вистинити, тогаш оној што ги изговорил не е ниту добар, ниту свет, туку е најголемиот глупак на светот. Но ако сето ова е вистина, тогаш Исус е сѐ она што тврдел за Себе дека е, Творец, Господар на сите времиња, Божји Син и Бог лично. Тој ја надгледуваше вселената осветлена од сончевиот сјај и од движечките галаксии и рекол де-

ка сето тоа ќе помине. Но не и Неговиот збор. Како е можно човекот, кој е мал како црв, да ги игнорира ваквите изјави?“

Барон де Роп, инженер и теолог, пишува: „Зборовите на Исус Христос дека му е дадена сета сила на небото и на земјата, ми даде повод да ја проучам севкупната светска историја. На сите им е очигледно дека Исус Христос бил највлијателната личност во историјата. Моето проучување завршува со откритието дека и старото и новото време има смисла само во Него; дека единствено Тој е клучот за прегледот на историјата и дека историјата без Него не би имала никаква видлива смисла“.

Што се однесува до пророштвата во Стариот завет во врска со Месијата, Исус Христос е всушност исполнувањето на тие пророштва. Така што, меѓу другото, 1.500 години пред Неговото појавување пророкувано е:

- дека Тој ќе дојде од Јудиното племе (1 Мојсеева 49:10).
- дека неговото потекло ќе биде од Давидовиот дом (Исаија 11:1; Еремија 33:21).
- дека ќе биде роден од девица (Исаија 7:14).
- дека ќе се роди во малото гратче наречено Витлеем (Михеј 5:1-2).
- дека ќе умре како жртва (Исаија 53:1-12).
- дека ќе умре распнат на крст (Псалм 22:1-21).

- дека ќе воскресне од мртвите (Псалм 16:8-11; Исаија 53:10-12).
- дека повторно ќе се врати на земјата (За-харија 14:4).
- дека ќе се појави на небесните облаци (Даниел 7:13).

Во целост, постојат 300 зачудувачки и сосема различни пророшта што се однесува на првото Христово доаѓање кои буквално се случија и кои можат да бидат проверени. Залудно ќе бараме слични претскажувања во која било друга религија. На пример, не постои ниедно пророштво за доаѓањето на пророкот Мухамед или за Буда или за кој било друг. Сите тие пророштва се однесуваат само на Еден, кој веќе во голем број ги исполни, а оние што сѐ уште се неисполнети, допрва ќе бидат исполнети од Исус од Назарет, Синот на живиот Бог!

Хајнрих Хајне рекол: „Христијаните си имаат свои догми, а ние само мислења, но мислењата не градат догми“.

Ниче рекол: „Не би дозволил да ме запалат заради моето мислење, бидејќи во него не сум сигурен“.

Но Исус Христос рекол: *„Јас Сум Висѿината!“* (Јован 14:6).

Никој друг во целата светска историја не може да си дозволи да каже: „Јас сум вистина“. Тој, единствениот, неспоредливиот и прекрасниот Господ, ти довикнува и тебе: *„..Оној кој доаѓа кај Мене, нема да ѓо исѿерам“* (Јован 6:37).

Каде и кај кого би отишол, ако не кај Него?

# 7 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во она што Тој прави за Своите*



За да не дојде до недоразбирање и до самоизмама, најнапред мора да се објасни прашањето: кој може да се нарече Негов. На ова Библијата ни дава многу јасен одговор. Воскреснатиот Господ вели: *„Еве, стојам пред вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам кај него и ќе вечерам со него и тој со Мене“* (Откр. 3:20).

*„А на сите што Го примија, им даде право да станат Божји деца - на оние кои веруваат во Неговото име“* (Јован 1:12).

*„Кој Го има Синот, го има тој живот; кој Го нема Божјиот Син, го нема тој живот.“* (1 Јованова. 5:12).

Значи, секој што свесно ќе се одлучи да го прифати Исус Христос во своето срце и во својот живот му припаѓа Нему и Тој има право над неговиот живот. Таквата личност станува Божјо дете. Дали си Божјо дете? Ако не, тогаш уште денес треба да ја донесеш твојата одлука (прочитај го 10-то поглавје од оваа книшка), бидејќи секој ден без Него е празен и загубен ден! Оној што му припаѓа Нему, го доживува Исус во својот секојдневен живот. Не само што ќе добиете жива надеж за иднината, туку и сегашност во која е содржано целото богатство!

Оној што ќе се одлучи за Исус Христос, во неговиот живот се случува нешто многу силно:

1. Односот спрема Бог не е повеќе како однос на грешник спрема праведен Судија, туку однос на едно дете спрема својот Татко. *„Гледајте каква љубов ни дарувал Таткото: да се нарекуваме Божји деца. А тоа и сме! Светот затоа и не нè познава нас, бидејќи не Го позна Него“* (1 Јов. 3:1).

2. Божјите деца се сакани од небесниот Татко. Неговата љубов е постојана и вечна и не зависи од расположението. Кога ќе се разбудиш наутро и пред да си легнеш навечер, твојата прва и последна мисла може да биде „Јас сум прифатен од Бог и Тој ме сака со вечна љубов!“ Колку е изобилна таа љубов, потврдено ни е и во Римјаните 8:38-39: *„Зашто уверен сум дека ни смртта, ни животот, ни ангелите, ни властите, ни сегашноста, ни иднината, ни силите, ни височината, ни длабочината, ниту кое-годе друго создание, не ќе може да нè одвои од нашиот Господ“*.

3. Сега си во една многу посовршена позиција, бидејќи си станал нов човек. „Да почнам од почеток!“ е желба на многумина. Преку потчинувањето на Христос тоа е можно: *„И така, ако некој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, еве сè стана ново.“* (2 Кор. 5:17).

4. Сега можеш секој ден да ги изнесуваш своите грижи, проблеми и потреби пред Исус Христос преку молитва: *„Не грижете се за ништо, туку во сè, преку молитва и благодарност, искажувајте ги своите барања пред Бог! А Божјиот мир, што го надминува секое разбирање, ќе ги штити вашите срца и вашите мисли во Христос Исус“* (Филип. 4:6-7).

5. Сега можеш да го знаеш и ова: Јас имам еден Бог, кој е и останува верен и кој ги исполнува Своите ветувања. За ова не си ти гаранцијата, туку Тој. Во Него можеш да имаш потполна доверба, како во добро, така и во лошо. Тој никогаш нема да те напушти: *„Уверен сум во тоа, дека Оној Кој го започна доброто дело во вас, ќе го доврши до Денот на Христос Исус“* (Филип. 1:6).

6. Со сигурност можеш да знаеш дека секој „мал“, „голем“, „лесен“ или „тежок“ грев од минатото ти е простен, уништен, ако си во Исус Христос и ако искрено си му ги признал и си се молел за прошка. Преку ова совршено проституање, ти си ослободен од секоја окултна или демонска вмешаност. Исто така, ти повеќе не си под власта на сатаната, ниту под неговата клетва, туку под власта на Исус Христос: *„...бришејќи ја обврската од нашиот долг, која со своите одредби беше против нас; Тој ја отстрани кога ја прикова на крстот; и ги разоружа поглаварствата и властите и јавно ги изложи, ликувајќи над нив преку него“* (Колош. 2:14-15).

И сега, како Божјо дете, ако на некој начин си направил некој грев - тогаш тоа може да биде тажен пораз, но не мораш заради тоа да паднеш во очај! И тогаш треба да се покаеш за гревот и да го признаеш пред Исус Христос преку

молитва за прошка. Бидејќи во 1 Јованова 2:1 е напишано: *„Чеда мои, ова ви го пишувам за да не грешите, а ако некој згреши, имаме Застапник пред Таткото - Исус Христос, Праведникот“.*

7. Твојот живот добива смисла! Многу луѓе преку целиот свој живот се во потрага по смислата на животот. Вистинската смисла се наоѓа во познавањето на Бог и на Неговиот Син Исус Христос, во непрекинатото заедништво со Него и во уделот во вечниот живот: *„Исто така знаеме дека Божјиот Син дојде и ни даде разбирање, за да Го познаеме Вистинскиот, а ние сме во Вистинскиот, во Неговиот Син Исус Христос. Тој е вистинскиот Бог и вечен живот“* (1 Јов. 5:20).

8. Оној што го прифатил Исус Христос во својот живот може да биде сигурен во своето вечно спасение: *„Ова ви го напишав вам кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот“* (1 Јов. 5:13).

9. Оној што е интимно поврзан со Христос, може да знае дека Господ му дава сила во совладувањето на своите мали и големи грижи и на проблемите во секојдневниот живот. Повеќе не мора да се потпира само на себеси и на своите природни капацитети бидејќи е напишано: *„Тој му дава сила на уморениот и му дарува јачина на изнемоштениот“* (Иса. 40:29).

10. Исто така, Господ подарува мир и радост. Животот на еден христијанин не е воопшто здодевен како што некои мислат. Напротив, верата во Исус Христос е всушност следење на Неговиот пат и тоа го прави животот интересен. Се доживуваат разни искуства преку верата, а Бог може да се доживее во секојдневниот живот. Господ ни ги ветил и мирот и радоста: *„Ви оставам мир, ви го давам Мојот мир. Не ви го давам како што го дава светот. Нека не се вознемирува вашето срце и нека не се плаши“* (Јован 14:27). *„Ова ви го реков за да биде Мојата радост во вас, а вашата радост да биде целосна“* (Јован 15:11).

Тоа е вистина зад која стои Господ: *„Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие“* (Јован 10:10).

Сега би те запрашал: дали вреди да бидеш христијанин?

Секако, погрешен би бил заклучокот да се мисли дека животот на еден христијанин сега е исполнет со рози; дека секој ден е сончев ден; дека повеќе нема проблеми и дека сѐ е како подмачкано. Не, туку вистината е дека животот на еден христијанин, кој бескомпромисно го следи Исус Христос, може да биде исполнет со искушенија, па дури и со прогонства! Божјите деца нема да бидат автоматски поштедени од болести, тага и од „ударите на судбината“.

Но тешките времиња ќе бидат подносливи, затоа што имаме сигурност дека што и да се случи, не може да ги промени Божјите ветувања.

Со сигурност можеме да знаеме дека нашиот живот е згрижен во Божјите раце и дека нема да нè остави кога ќе ни биде најтешко. Згора на тоа, поседуваме и жива надеж. Да се знае дека тешкотиите кои еден христијанин мора да ги издржи под одредени околности не се последното нешто, туку славата и радоста со Христос ни даваат сила, мир и сигурност бидејќи знаеме дека Бог се грижи за нас.

Затоа и вреди да се биде христијанин!

# 8 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во Своето повторно доаѓање*



Господ Исус за Себе вели: *„Еве, доаѓа со облаците и ќе Го види секое око, дури и оние кои Го прободоа, а сите земни племиња ќе тагуваат заради Него. Да, амин! 'Јас сум Алфа и Омега', вели Господ Бог, 'Кој е, Кој беше и Кој доаѓа - Сѐмоќниот'"* (Откровение 1:7-8). Исус Христос од вечноста е Бог. Тој живеел на оваа земја како човек и ум-

рел со смрт на крст. Но Тој воскресна од мртвите и повторно ќе дојде! Псалмистот Етан пророчки зборува за Христовото враќање: *„Зашто, кој на облаците ќе се споредува со Господ и кој од синовите Божји ќе се изедначи со Господ?“* (Псалм 89:6). Исус Христос повторно ќе дојде, но најпрво заради оние што веруваат во Него, за да ги земе со Себе на небото (Јован 14:1-6). Кусо време по тоа, Тој пак ќе дојде на земјата во слава за да му суди на светот и да го востанови Своето царство. Неговото доаѓање ќе биде видливо за целиот свет. Во историјата сè е насочено на оваа средба, кон таа највисока цел - повторното доаѓање на Исус Христос!

Д-р Тео Леман за иднината на Исус Христос пишува: „Тој не е еден од оние личности кои едно време се присутни, па ќе се загубат во маглата на историјата. Неговото име не е едно од оние имиња, кое едно време се појавува во весниците, а по некое време ќе падне во заборав. Тој е Првиот, Тој е Творецот на овој свет - Тој е и Последниот! Кога сите богови, идоли, системи и погледи на светот; моќни творци на интелектуални тврдини, градители на зачудувачки творби, автори на поробовучки места на прогонства, ќе исчезнат со своите спомени и кога ќе станат прав - заборавени, потонати; ко-

га и овој свет ќе потоне, Исус Христос ќе остане Последен! Боговите и идолите, тогашните и сегашните, никогаш повеќе нема да ги сретнеш. Но Исус Христос сигурно ќе го сретнеш! Тој се наоѓа на крајот од историјата, а се наоѓа и на крајот од твојот живот".

Во Делата на апостолите 10:42 напишано е за Исус Христос: „*Тој ни заповеда да му навестиме на народот и смело да сведочиме дека Тој е од Бог определениот Судија на живите и мртвите*". Тоа не значи ништо друго освен дека ќе дојде моментот кога сите луѓе ќе застанат пред Него, единствениот, неспоредливиот и прекрасниот Господ; едните се оние што се вечно спасени, и другите се оние што ја отфрлиле Божјата понуда за спасение преку Исус Христос и ќе останат вечно загубени. Затоа треба и ти без одложување да му се предадеш на Христос. Не му се противставувај повеќе! Тоа не само што не би имало никаква смисла, туку би било за твоја штета!

Апостол Павле еднаш се обидел да му се противстави на Христос. Но кога Исус го сретнал, тој напишал: „*...сите паднавме наземи, чув глас кој ми зборуваше на еврејски јазик: 'Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш? Тешко ти е да клоцаш против остен!'*" (Дела 26:14).

Еден преведувач на Библијата, Албрехт, ја објаснува оваа реченица и вели дека тука се работи за старогрчкиот начин на говор во поговорките. Се однесува на едно тврдоглаво животно кое се користело за влечење, и кое себеси си нанесувало поголеми болки противејќи му се на сопственикот кој со него управувал, подбуцнувајќи го со својот стап. Смислата на тој израз би значела: „Залудно се обидуваш да ми се противставиш!“

Ќе дојде денот кога и следново библиско пророштво ќе се исполни: „*Затоа и Бог Го возвиши и Му подари име што е над секое име, та во името Исус да се поклони секое колено на оние кои се на небото, на земјата и под земјата; и секој јазик да признае дека Исус Христос е Господ, за слава на Бог Таткото*“ (Филип. 2:9-11).

Исус Христос е единствен и во тоа што никогаш не ги одбегнувал грешниците, ниту пак, ги заобиколувал! Тој не се одвраќа од човекот, туку му се обраќа. Од таа причина Тој дојде на земјава, умре на крстот и воскресна. Тој те сака со таква љубов, со каква што никој не те сакал досега. Тој единствено поседува сила да ти ги прости гревовите, да те прими во Неговото царство и да ти подари вечен живот. Нема ли уште денес да ја прифатиш Неговата подадена рака?

# 9 Исус: единствен неспоредлив, прекрасен - *во наградувањето на Божјите деца во небото*



## Божјите деца ќе добијат едно тело слично на прославеното тело на Исус Христос

Денес ние живееме во нашите смртни тела кои се подложни на болести, на стареење и на смрт. Нашите тела се ограничени и во нив ние се чувствуваме „тесно“, затоа што се жигосани од гревот. На денот на вознесувањето на Црквата во небо, односно при воскресението

на мртвите, Господ ќе им даде нови, прославени тела на Своите деца.

*„А нашето граѓанство е на небесата, од каде и Го очекуваме Спасителот Господ Исус Христос, Кој ќе го преобрази нашето понижено тело - да се сообрази со Неговото славно тело, според дејството на Неговата сила, со која може да покори сѐ под Себе“* (Филип. 3:20-21). И каква голема чест, поканети сме! *„И затоа ве повика преку нашето Евангелие, за да ја добиете славата на нашиот Господ Исус Христос“* (2 Сол. 2:14). Тоа ново тело ќе биде слично на Неговото прославено тело. Тоа не значи дека ќе бидеме исти како Исус Христос во Неговата божественост, но сепак, ќе му бидеме слични. Тоа ново тело нема повеќе да биде подложно на распаѓање, туку ќе биде приспособено за небесните услови и вечниот живот на небото.

## Божјите деца ќе станат Божји наследници

Дека сме навистина Божји наследници, напишано е во Посланието до Ефешаните 1:8: *„Молам и да ви се просветлат очите на вашето срце, за да знаете каква е надежта на Неговото призвание, какво е богатството на славата на Неговото наследство во светиите“*.

Сите кои веруваат во Исус Христос ќе се појават на небото пред сите ангели како синови и ќерки на небесниот Татко; како Божји деца, а со тоа и како наследници кои ќе имаат удел во севкупното богатство на Божјата слава. Ништо повеќе од ова не може да има!

Ако си си го прифатил Исус Христос во своето срце и го следиш, и ти можеш да имаш удел во она што Бог е, и во сè што е Негово! Со други зборови: ќе имаш удел во сета слава која постои на небото!

Да се биде Божји наследник значи: ништо нема да ти недостига. На небото ќе има сè во изобилство, во полнота и во незамислива убавина.

Во Откровение 21-то и во 22-то поглавје опишано ни е небото:

Материјалот за ѕидините на небесниот Ерусалим ќе биде од скапоцениот камен јаспис.

Самиот град и неговите улици ќе бидат од злато, чисто како стакло. Таа раскошност воопшто не може ни да си ја замислиме.

Темелите на градските ѕидови ќе бидат украсени со најскапоцени камења, а дванаесетте градски порти, ќе бидат од дванаесет бисери, секој голем колку портата.

Но и покрај славата и раскошот, веројатно ќе биде онака како што и Чарлс Хедон Сперџен го опишал: „Златните улици нема да ни

остават којзнае каков впечаток; звуците на небесните харфи малку ќе нè восхитат во споредба со Царот кој ќе биде сред престолот на Неговата слава. Тој ќе биде Оној што ќе ги привлекува нашите погледи и мисли на Себе, додека нашата љубов ќе се претвори во пламена љубов и нашите просветлени чувства ќе ги издигне на највисоко ниво на славење“.

Од престолот на Божјото Јагне ќе извира реката на животот, сјајна како кристал.

Во врска со небесната слава, еднаш некој вака рекол: „Ние ништо нема да платиме, но сè ќе доживееме - не само една минута или еден час, туку цела вечност!“ Зошто? Затоа што Исус Христос веќе ја платил цената за нашето спасение! Тој ни го плати влезот за небесното царство со Својата скапоцена крв (Евр. 10:19-20).

## Божјите деца ќе живеат таму каде што се Исус Христос и Господ Бог

Ова ни го ветил лично Господ Исус: *„Во Домот на Мојот Татко има многу места за живеење; ако не беше така, Јас ќе ви кажев. Одам да ви приготвам место. А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај Себе, за да бидете и вие таму каде што Сум Јас“* (Јован 14:2-3). Значи, еден ден и ние ќе можеме да живееме таму каде што е Севиш-

ниот Бог. Човекот не може ни да ја замисли Божјата слава која престојува на небото. Она што можеме да го знаеме е следново: дека Архитектот на тоа место е лично Бог, како што е напишано во Евреите 11:10: *„...Бог му е Градител и Творец“*.

Тие места за живеење се затоа и неспоредливо прекрасни, бидејќи не се градени со човечка рака, туку преку Божјата сила (2 Кор. 5:1).

На тоа небесно место за живеење не му е потребно ни природно, ни вештачко осветлување, затоа што не зависи ниту од сонцето, ниту од месечината. Него го осветлува Божјата слава и светлината на Божјото Јагне, односно Исус Христос (Откр. 21:23).

Таму ќе има доволно места за сите верници од сите времиња и од сите народи.

За да го истражуваме небото, ќе ни биде потребна целата вечност!

Спасените ќе можат вечно, без прекин да го слават Бог со радост во едно совршено заедништво со Бог Таткото и со Господ Исус Христос.

Во врска со таа радост која не можеме ни да си ја замислиме, читаме во Откровение 21:3: *„И чув како еден силен глас од престолот вели: „Еве го Божјиот шатор меѓу луѓето и Тој ќе живее со нив; и тие ќе бидат Негов народ, а*

*Самиот Бог ќе биде со нив*". Небото е место на неискажлива радост и совршена среќа, бидејќи Самиот Бог ќе престојува меѓу верните. Никаква негативна особина од овој свет нема да има на небото (Откр. 21:17).

Небото е споредено со свадбена веселба и со славење. Тоа ќе биде слава над славата!

Во Евангелието според Јован 16, стихови 20, 22 и 24 пишува дека секоја тага ќе биде претворена во радост која никој нема да може да ја замати, затоа што ќе биде совршена.

Апостол Петар пишува: „*Кого Го љубите иако не сте Го виделе, во Кого верувате, иако сега не Го гледате, и се радувате со неискажлива радост полна со слава*" (1 Петр. 1:8).

Гледано на овој начин, можеме да ги разбереме Христовите зборови кога вели „*Туку радувајте се дека вашите имиња се запишани на небесата!*" (Лука 10:20).

Исто така, на небото ќе може да се ужива со сите сетила. Јас така го разбирам Божјото Слово во 1 Коринќаните 2:9: „*Туку, како што е напишано: 'Што око не видело, што уво не чуло и што во човечко срце не дошло, тоа Бог го подготви за оние кои Го љубат'*" (види и во Исаија 64:3). Небото ќе биде полно со изобилен живот! Нема да има недостиг од ништо, затоа што ќе нема никаква потреба од нешто да се додаде или да се подобри. Здодевно? Тоа ќе би-

де непознат збор таму, затоа што небото е совршено, неограничено и исполнето со живот.

Некој рекол: „Кога би го гледале лицето на Исус Христос илјадници години, неговата убавина ќе ни биде толку фасцинантна како и оној прв миг кога ќе го здогледаме откако ќе влеземе низ рајските порти!“

## Божјите деца на небото ќе ги добијат одговорите на сите свои прашања

На секое прашање ќе добијат одговор. Секое „Зошто?“ ќе исчезне. Во светлината на Исус Христос кој гледа и знае сè, и ние ќе видиме и ќе разбереме сè. Нема да има ни најмал сомнеж. Исус многу утешително ни го вели тоа: *„Така и вие сега сте нажалени, но пак ќе ве видам, па ќе се зарадува вашето срце, и таа ваша радост никој не ќе може да ви ја одземе. Во оној ден нема да Ме прашувате за ништо. Вистина, вистина, ви велам: што и да побарате од Таткото во Мое име, ќе ви даде“* (Јован 16:22-23). Тогаш во еден миг ќе разбереме дека сè ни послужило за добро и дека многуте тешки времиња и неволји ни послужиле за нашето спасение. *„И знаеме дека сè содејствува за доброто на кои Го љубат Бога, на оние кои се повикани по Неговата намера“* (Рим. 8:28).

## Божјите деца се на небото, местото на крунисување и на владеење

Сè што правиме како Божји деца, преку Неговата милост овде на земјата во името на Исус Христос, во себе ќе ја задржи вечната димензија. Така, на пример *„венецот на праведноста“* (2 Тим. 4:7-8), е подготвен за сите оние што од срце се радуваат на повторното доаѓање на Исус Христос. Библијата ни зборува и за еден *„нераспадлив венец“* (1 Кор. 9:25), потоа за еден *„венец на славата“* (1 Петр. 5:4), и за еден *„венец на животот“* (Јаков 1;12).

Во книгата на пророк Даниел пишува дека сите оние што укажувале на Божјата правда и кои помагале да се шири евангелието за спасение, ќе сјаат како ѕвезди без прекин, вечно (Даниел 12:3). Во евангелието според Матеј 13:43, Исус Христос вели: *„Тогаш праведниците ќе болскотат како сонце во царството на својот Татко. Кој има уши, нека чуе!“*. Светото Писмо зборува и за тоа дека оние што му припаѓаат на Исус Христос ќе владеат со Него од вечност до вечност (Откр. 22:9).

## Небото ќе биде место на совршена љубов

Библијата ни вели дека љубовта никогаш нема да престане (1 Кор. 13:8, 13), затоа што на небото ќе живееме во совршено заедништво со Оној Кој ја отелотвори љубовта во Себе. Омразата и сличните особини ќе бидат непознати на небото. Само љубовта ќе владее.

## Небото ќе биде и место каде што многу работи нема да постојат

Таму ќе нема повеќе солзи, затоа што Господ ќе ја избрише секоја солза од очите на Своите деца (Откр. 21:4). Нема да има ниту соништа. Животот овде ни се состои од соништа и од фантазии. Сонуваме за ново работно место, за годишен одмор, за брачниот партнер, за венчавањето. Сите овие соништа и копнежи повеќе нема да ги има, затоа што реалноста и славата кои ќе владеат ќе бидат над сето тоа.

Нема да има ниту море (Откр. 21:1). Морето обично претставува слика на немир, како на народите, така и на срцето, но и немирот на едно демонизирано човештво. На небото сè ќе биде мирно, бидејќи таму ќе владее вечен мир.

Ќе нема ниту тага, ниту жалост, ни плач, ниболки. Нема да има ниту страв, ниту тешкотии (Откр. 21:4). Никаква клетва ќе нема

таму (21:3), ниту ноќ(21:5), а смртта ќе биде непозната (21:4).

Ништо повеќе нема да биде како што било! Бог ќе создаде сè ново, и тоа совршено ново. Освен тоа, на небото ќе постои она што никогаш пред тоа не постоело (21:4-5).

Од небото повеќе никој не може да биде избркан, затоа што тоа ќе биде конечното место за живеење на сите што веруваат во Исус Христос. Сета слава од вечност до вечност ќе се доживее: *„...наследство, кое не венее, запазено на небесата за вас“* (1 Петр. 1:4). За нас луѓето небото ќе биде највисоко поставената цел!

Небото исто така е место без грев. Затоа и никој што е грешен нема да влезе таму: *„И во него нема да влезе ништо нечисто, ни оној кој прави нешто гнасно и лаже, туку само оние кои се запишани во книгата на животот на Јагнето“* (Откр. 21:27).

Небото е чиста реалност, како што и пеколот е ужасна реалност наспроти небото. Исус Христос многу често зборуваше за пеколот. Пеколот е место каде што ќе го нема сето она што се обидовме да го опишеме со недоволно зборови за вечната слава. Пеколот е место каде што има вечна одвоеност од Бог и од сетоона што Бог им го подарил на Своите деца. Пеколот е место на страдање за сите оние што

не го прифатиле простувањето за гревот преку крвта на Божјото Јагне.

Исус Христос - Тој е Еден и Единствен голем Спасител, кој за нас страдаше за да го извојува и да ни го гарантира влезот во небото. Само оној што верува во Него и му го предал својот живот - само тој ќе влезе во Божјото Царство.

Некој прашал: „Зошто постојано бегаме од животот, а во исто време се плашиме од смртта? Зошто бегаме од вистината, а сити сме од лагите? Зошто одиме по погрешни патишта, кога нè водат во пропаст? Исус Христос е Патот, Вистината и Животот. Секој кој се спротивставува на Христос, нема иднина. Додека секој што ќе го послуша Христовиот глас и ќе го следи, ќе ја наследи Неговата слава. Нивниот Господ повторно ќе дојде и тие со вера ги гледаат новото небо и новата земја!“

Нема ли да се одлучиш и да го примиш Господ во своето срце? Ова не е само предлог, туку молба што е поттикната од љубов спрема тебе. Прочитај што вели Исус Христос за вистинската состојба на загубеност во Евангелието според Лука 16:19-31.

За таа одлука всушност и се работи. Некој христијанин прашал еден студент по медицина, припадник на некоја источна религија, која

личност според него би била најистакната на сите времиња? Студентот одговорил: „Сигурен сум дека тоа би бил Исус од Назарет“. „А кој би бил најзначајниот учител?“, продолжил да прашува христијанинот. „Исус од Назарет“ бил одговорот. На последното прашање „Кој живеел совршен живот?“ студентот одговорил: „Исус од Назарет“. Овој студент му го дал сето признание на Исус Христос, но не и своето срце. Сепак, да се признае Исус само на интелектуално ниво, не е доволно - мора да биде донесена одлука на вера.

*„И никој не отишол на небо, освен Оној Кој слезе од небото, Синот Човеков - та секој кој верува во Него да има вечен живот“* (Јован 3:13, 15).

# 10 На кој начин можеш уште денес да станеш христијанини



Обрати се кон Исус Христос во молитва, токму таков каков што си. Кажи му дека од сега сакаш да веруваш во Него и замоли го за прошка на твоите гревови. Моли го конкретно да се всели во Твојот живот и кажи му ја желбата на твоето срце дека сакаш само Тој да биде твојот Господ и водач и дека отсега натаму твојот живот ќе го води Тој.

Сведочи им и на другите луѓе за твојата вера. Читај ја Библијата секој ден и имај заедништво со оние што исто така веруваат во Господ Исус Христос.

Доколку имаш дополнителни прашања во врска со темата од оваа книга или во врска со твојата вера во Исус Христос, можеш слободно и со доверба да ни се јавиш. Ние ќе ти испратиме дополнителна литература која ќе ти помогне во твојот нов живот со Господ. Сѐ што треба да сториш е да го пополниш приложениот купон кој се наоѓа на последната страница и да го испратиш на адресата на издавачот, или да нѐ контактираш преку нашата E-mail адреса.

Адреса на издавачот:

„Љубители на Христијанското Евангелие“
Поштенски фах 698, 1001 Скопје
E-mail: ehcbore@yahoo.com / www.ljhe.org

# Зошто вреди да се биде христијанин

Име и презиме ______

Адреса ______

Град/место ______ Пошт. бр. ______

Телефон ______ Возраст ______

E-mail адреса ______

Професија ______

*Исечи!*

Некои од нашите изданија кои сакаме
да ги препорачаме



**МИР СО БОГ**
од Др. Били Греам



**ШТО ВЕРУВАМЕ**
основи на христијанското учење
од Мартин Р. Де Хаан II



**ДАЛИ ХРИСТОС НАВИСТИНА ВОСКРЕСНАЛ ОД МРТВИТЕ?**
од Дејв Бранон